ФИЛХАРМОНИЈА

БРОЈ 3 |

МАРТ 2012/ ЈУНИ 2020

МАГАЗИН ЗА КЛАСИЧНА МУЗИКА И УМЕТНОСТ

www.filharmonija.mk

02.04.2020

ПЕДЕСЕТ НИЈАНСИ ЦРНО

Концерт на ШЕРОН КОВАКС
вокал (Холандија)

Музиката е главен сегмент од видеоигрите

Филхармонијата ќе реализира уште еден концерт посветен на видеоигрите на 21 мај годинава

Видеоигрите денес претставуваат најпопуларна форма на забава во светот. Нивната сè пореална форма на изразување е главната причина што ги окупира „гејмерите". Но, и покрај крајната цел – забавата и профитот, нивната реализација претставува мошне сложен и долгогодишен процес. Видеоигрите датираат од 1948 година, кога Томас Голдсмит добил идеја да реализира еден таков проект којшто го патентирал. Првата видеоигра што била претставена во јавноста била „Тенис за двајца" на Вилијам Хигинботом во 1958 година. Првата генерација игри биле текстуални игри, потоа се вовеле текстуални игри со статичка графика, додека водечки жанр во 1970-тите и 1980-тите години биле текстуалните авантури. Но, како што се развивал хардверот, така и игрите станувале покомплексни. Следувала ерата на графичките авантури, а потоа стратегиските игри ја зазеле титулата најпопуларни. Со развојот на технологијата се развивале и видеоигрите, се јавиле нови жанрови, а веќе постоечките почнале да се надградуваат, за денес оваа форма на изразување да прерасне во една од најкомплексните. За развој на една видеоигра често е потребно неколку десетици, па и стотици луѓе кои работат на неа.

Еден од главните сегменти во изработка на видеоигрите, особено во последните две децении, е музиката, на која се пристапува мошне сериозно и така таа добива, на некој начин, филмска димензија. Често, за автори на музиката за видеоигрите се ангажираат и некои од големите композитори на филмска музика. Музиката треба да ја направи видеоиграта посебна, затоа е неопходно таа да биде квалитетна и токму затоа речиси сите автори се фокусираат на голем симфониски оркестар. Денес, музиката за видеоигрите е дел од репертоарот на сите големи симфониски оркестри во светот.

12.03.2020

MUSIC DRAMA

Conductor: Yeruham Scharovsky (Israel)
Soloist: Measha Brueggergosman -soprano (Canada)

PROGRAMME:
R. Wagner: Overture (tbc)
R. Wagner (orch. by Felix Mottl): Wesendonck lieder
J. Brahms: Symphony no. 4, op. 98

26.03.2020

BEETHOVEN- THE RUSSIAN WAY

Conductor:
Premil Petrovic (Serbia/Austria)
Soloist: Dmitry Masleev –piano (Russia)

PROGRAMME:
L. V. Beethoven: Concerto for piano and orchestra no. 3, op.37
F. Schubert: Symphony no. 9 "The Great", D. 944

19.03.2020

DAYS OF MACEDONIAN MUSIC

15.04.2020

EASTER CONCERT

Conductor:
Conrad van Alphen (Netherlands)
Soloists:
Sophie Gordeladze - soprano (Georgia)
Sarah Castle - mezzo soprano (New Zealand/UK)
ProArs Choir (conductor Sasho Tatarchevski)

PROGRAMME:
G. Mahler: Symphony no. 2 "Ressurection"

30.04.2020

THE SOUND OF DESTINY

Conductor:
Yeruham Scharovsky (Israel)
Soloist:
Danielle Akta – violoncello (Israel)

PROGRAMME:
L. V. Beethoven: Overture "Prometheus"
E. Elgar: Concerto for violoncello and orchestra op. 85
L. V. Beethoven: Symphony no. 5, op. 67

07.05.2020

MOZART IN ROMANIA

Conductor:
Gabriel Bebeselea (Romania)
Soloist:
Yeol Eum Son - piano (Korea)

PROGRAMME:
W. A. Mozart: Adagio and fugue K 546
W. A. Mozart: Concerto for piano and orchestra no. 27, K595
G. Enescu: Romanian poem*

*** Premiere performance in North Macedonia**

21.05.2020

VIDEO GAME

28.05.2020

YOUNG MUSIC TALENTS

04.06.2020

THE SOUND OF THE NEXT GENERATION

25/26.06.2020

SUMMER IN THE CITY PARK OPEN AIR CONCERT

ISSN 2671-3284

БРОЈ 03 | МАРТ 2019/ЈУНИ 2020

Продукција на Филхармонија
Автори на текстови:
Ангелина Димоска - музиколог
Тина Иванова - музиколог
Лектор: **Софија Чолаковска - Поповска**

www.filharmonija.mk
e-mail: contact@filharmonija.org.mk
Тел: +389(0) 2 3118 450
Билетарница: +389 (0) 2 3238 182;
+389 (0) 71 393 282;
bileti@filharmonija.org.mk

Тираж – 1000
Печати: „Винсент Графика - Скопје

ВАЉУ ВО РУСКАТА БЕН МУЗИКА

Чувствувам силна врска со руската музика, посебно кога работам на ново дело. Станува збор за тешка работа која во исто време премногу ме исполнува. Претпоставувам дека мојата љубов е сосоема логична. Израснав во Русија и од своето дете ја апсорбирам традиционалната руска музичка естетика. Луѓето се чудат зошто Рахмањинов е толку популарен, а толку е очигледно зошто е тоа така. Неговата музика е толку богата и моќна со различни хармонски и звучни структура кои никогаш не се досадни, ниту предвидливи. Музиката на Рахмањинов е цел универзум кој никогаш нема да биде здодевен за истражување

„Откритие и брилијантен пијанист", вака го опишува Борис Березовски својот ученик и камерен музички партнер Дмитри Маслеев кој го сврте вниманието на светската музичка јавност како победник на интернационалниот натпревар „Чајковски" во Москва. Оттогаш Германија и Франција се посебно важни музички дестинации за Маслеев. Во сезоната 2019 – 2020 година, овој исклучителн руски пијанист ќе концертира на фестивалот „Рене Мартинс" во Франција заедно со Данил Трифонов, Григори Соколов, Николај Лугански и други лауреати на натпреварот „Чајковски". Ќе има и рецитал во Уметничкиот центар во Сеул и ќе настапи како солист со Новата јапонска филхармонија во Токио, а воедно следува и неговата турнеја во Кина каде што ќе настапи со маестро Тан Дун.
Новиот албум на Дмитри Маслеев со Сиберската државна филхармонија излезе под легендарната етика „Мелодија" позната по своите сними на Рихтер, Гилелс и Давидович, и други големи руски пијанисти. На овој албум Маслеев го свири Концертот бр. 1 од Дмитри Шостакович, „Џез сутија" од Александар Тсфасман и Концертот за пијано и оркестар од рускиот композитор Николај Капустин.

Ја добивте интернационалната награда „Чајковски" во 2015 година. Колку се важни натпреварите во класичната музичка индустрија?
– Натпреварите имаат предности и мани, но кога станува збор за натпревар како што е „Чајковски", не е исто. „Чајковски" е важен за секој пијанист зашто му овозможува поголем публицитет и полесно да се мапира на светската музичка сцена. Можеби тоа не е најуникатен начин за еден пијанист да се етаблира, но многу помага во развојот на кариерата.
Неизмерно сте вљубен во руската музика... Омилен композитор Ви е Рахмањинов. По што се разликува руската музика од другата музика?
– Чувствувам силна врска со руската музика, посебно кога работам на ново дело. Станува збор за тешка работа, која во исто време премногу ме исполнува. Претпоставувам дека мојата љубов е сосоема логична. Израснав во Русија и од своето дете ја апсорбирам традиционалната руска музичка естетика. Луѓето се чудат зошто Рахмањинов е толку популарен, а толку е очигледно зошто е тоа така. Неговата музика е толку богата и моќна, со различни хармонски и звучни структура кои никогаш не се досадни, ниту предвидливи. Музиката на Рахмањинов е цел универзум кој никогаш нема да биде здодевен за истражување.
Како се релаксирате кога не свирите пијано?
– Сакам да готвам, па секое слободно време го користам да зготвам нешто вкусно за мене, но и за пријателите. Сакам да се релаксирам со вкусна храна и да гледам добар филм во друштво со пријателите.
Кој од концертите на кои сте присуствувале како слушател нема никогаш да го заборавите?
– Обожавам да одам на концерти и секој пат се обидувам да не ги споредувам моите претходни искуства и да уживам во изведбата на која присуствувам во моментот. Концертите ги доживувам како емоционални искуства што ми даваат нови импулси и ме инспирираат. Тие искуства ме збогатуваат и мене како пијанист.

(Дмитри Маслеев ќе настапи на концертот насловен „Бетовен на руски начин" на 26 март 2020 година)

ВО ПОТРАГА ПО

НОВИ ИСКУСТВА

Секогаш мотивирана и во потрага по нови искуства, оперската кариера на Миша Бругергосман се развива во различни насоки, платформи, музички стилови и жанрови. На оперската сцена, нејзините најнови остварувања се Жулиет и Антонија со „Хофманови приказни“, Електра во „Идоменео“, Хана во „Без галама“ на Мирослав Срнка, сестра Рози во „Мртви луѓе се движат“ на Џејк Хиџи... Освен на оперската сцена, настапапува и со светските симфониски оркестри и диригенти како што се Даниел Баренбојм, сер Ендрју Дејвис, Густаво Дудамел, Даниел Хардинг...

Нејзиниот прв албум за „Дојче грамофон“ вкучува дела од Шенберг, Сати и Болком и се смета за еден од најдобрите деби-остварувања во последните неколку години. Нејзината снимка со „Везедонк песни“ од Вагнер со оркестарот од Кливленд беше номинирана за „Греми“. Токму со „Везендонк песни“ ќе се претстави и пред македонскатаа публика на концертот „Музичка драма“ кој ќе се одржи на 12 март 2020 година.

Станува збор за исклучителна оперска пејачка, која имала драматичен животен пат. Пред десетина година речиси ќе го загубела својот живот поради проблеми со срцето, а имала и еден спонтан абортус во подоцнежна бременост, кога ги изгубила близначињата кои ги носела.

„Сум откажала настап само двапати досега. Еднаш со Берлинската филхармонија и Сајмон Ратл, поради моето новородено дете, и кога работев на ‘Четири последни песни’“, вели таа.

Во 2017 година ја издаде својата биографска книга „Секогаш некаде гори“. Иако има исклучителна кариера и одлични настапи на светските сцени, Бругергосман имала и тешки моменти. Речиси ќе умрела од проблеми со аортата еден ден пред премиера на „Последните четири песни“ со Симфонискиот оркестар на Торонто.

„Книгата ја напишав на 39 години, бидејќи чувствував дека мојот живот дотогаш беше неверојатно исполнет, некогаш со трагични некогаш со триумфални моменти. Кога се случи проблемот со аортата, си помислив – ако ова е крајот, тогаш можам да умрам задоволна, бидејќи не бев мрзелива. Лошо е кога треба да умреш млад, а немаш доволно време да ги направиш сите работи што си сакал да ги напрвиш. Апатијата е полоша е тоа да умреш млад. Додека бев во болница, сфатив дека сум живеела исполнет живот. Луѓето мислат дека сум самоуверена, но јас му верувам само на Господ – таа верба ме прави храбра и исполнета“, вели оваа оперска пејачка.

Нејзиниот совет до младите пејачи е да работат на техниката. „Техниката, според мене, е најважна, како и познавањето повеќе јазици. Младите пејачи не треба да дозволат да бидат одвлечени од репертоарот кој сакаат да го пеат, треба да се фокусираат на своето тело, на својот глас, да развијат свој компас. Да се информираат и да собираат искуство од постарите, а не од своите колеги кои се на иста возраст. Доколку немаат развиено спиритуален живот, да го развијат. Пејачите повеќе од кој било друг треба да имаат здрав ‘внатрешен’ живот“, вели Бругергосман.

(Миша Бругергосман ќе настапи како солистка на концертот „Музичка драма“ на 12 март 2020 година)

Првиот албум на Миша Бругергосман за „Дојче грамофон“ вкучува дела од Шенберг, Сати и Болком и се смета за еден од најдобрите деби-остварувања во последните неколку години. Нејзината снимка со „Везедонк песни“ од Вагнер со оркестарот од Кливленд беше номинирана за „Греми“

МИ НЕДОСТИГА ПЛАСМАНОТ НА

СОВРЕМЕНАТА МУЗИКА

Филхармонијата е дел од секое издание на манифестацијата „Денови на македонска музика“. Со години наназад, фестивалот, кој ја промовира македонската современа музика, почнува со симфониски концерт на кој, се разбира, оркестарот на Филхармонијата изведува нови и стари дела од македонски автори од различни генерации. И годинава, Филхармонијата ќе биде неизоставен дел од ДММ, и се очекува грандиозен настан. Композиторката Дарија Андовска е дел од новиот тим уметнички раководители на фестивалот и информира за новите содржини и за сето она што е врзано за оваа институција и новото македонско музичко творештво. „Новиот тим уметнички раководители на ‘Денови на македонска музика’ е во состав Симона Симуноска Гајдоска, композитор, и јас – Дарија Андовска. Прифаќајќи го овој предизвик, се соочивме директно со горливите и горчливите проблеми во функционирањето и генералната состојба на Сојузот на композиторите, кој во последниот период е со сериозно нарушено реноме. Но, двете сме ентузијастки и оптимистки, па решивме да се фатиме во коштец со сите познати и непознати проблеми, да пробуваме да ги решаваме во од и дополнително да развиеме сосема нов концепт за ДММ, кој се разбира допрва ќе си ги покаже предностите, но и слабостите.

Првпат, по 42 изданија, оваа година фестивалот нема да биде во траење од 7 до 10 дена во почетокот на пролетта, туку ќе биде дисперзиран во три етапи, кои ги нарекуваме сезони од 7 до 10 концерти и/или настани – првата во март, втората во јуни и третата во октомври.

Секоја од сезоните, освен досегашните стандардизирани начини на презентација на македонската и светската современа музика, ќе содржи и дополнителни нови можности за да се отвори сцената и комуникацијата со уметниците. Во секоја сезона ќе има детско матине, каде што деца ќе изведуваат македонска музика – ‘Meet the composer’ (‘Запознајте го композиторот’), сесија каде што преку музички секвенции и директен неформален разговор со композиторот, публиката ќе може одблиску да го запознае и човекот и процесот на креација, импровизација во живо на неми филмови во соработка со Синедејс и МКЦ (нешто слично на open mic session), реномирани ансамбли од странство, работилници за изведба и интерпретација на современа музика, минитурнеи низ 3-4 градови во Македонија, џез, филмска и театарска музика, етномузика, мултимедијални и танцови перформанси... И тоа не е сè.

Идејата водилка ни е да ја отвориме сцената за сите, да ги прошириме хоризонтите и можностите за соработка помеѓу различни профили на уметници и уметности, како и да ја запознаеме пошироката публика со актуелните текови, со акцент на музичката уметност, кај нас и во светот.
Традиционално, свеченото отворање на ДММ е резервирано за настапот на Филхармонијата, кое по сите параметри треба да е еден од најграндиозните настани, како и затворањето.
За оваа година планираме програма со дела од македонски автори за голем симфониски оркестар и хор. Освен колегите од Филхармонија, на концертот ќе настапи и хорот 'ПроАрс', под диригентското раководство на маестро Сашо Татарчевски. На отворањето ќе бидат доделени и традиционалните награди што ги доделува Сојузот на композиторите на Македонија – 'Панче Пешев', 'Трајко Прокопиев' и 'Георги Божиков'", вели Дарија Андовска.

На прашањето дали застапеноста на македонските композитори во програмата на Филхармонијата и, воопшто, изведбата на македонската современа оркестарска музика е доволна, Андовска вели: „Во развиените земји речиси не постои голем оркестар кој нема задолжителен дел од железниот репертоар составен од домашните автори. Промиорањето на сопствените уметници потпомага во развојот на културната сцена, но и оддава почит на нејзините втемелувачи. Веројатно одговорот е однапред познат, па прашањево го гледам како реторичко. Се разбира дека сè што е помалку од една изведба на едно македонско дело во еден месец е недоволно. Но, да почнеме и со поретка застапеност – една изведба на едно македонско дело во три месеци. Тоа би биле барем четири македонски дела годишно, без да се сметаат изведбите на ДММ. Ова не е мое согледување, иако сосема се согласувам. Таквиот пристап би бил стимулативен и за активните творци, доколку знаат дека имаат отворена сцена и подадена рака за соработка. Во овој правец веќе разговаравме со директорот на Филхармонијата, Илиески, кој се согласи дека е сосема позитивно и продуктивно да се потпише меморандум за соработка помеѓу Сојузот на композиторите на Македонија и Филхармонијата".

За тоа што би требало да се направи за да живее поактивно македонското творештво на нашата сцена, дали е можеби распишување конкурс за нови дела, Андовска истакнува: „Првенствено треба да се поработи на своевидното табу во однос на музиката од 20 и 21 век, особено кај изведувачките уметници. Отпорот спрема новиот звук не само што не дозволува прогрес туку и нè држи заглавени во еден естетски концепт кој бил прифатлив пред повеќе од 100 години. Тоа е повеќе од застрашувачки. На овој сегмент треба особено внимание да му се посвети во образовниот процес, но кога таму и некои од наставниците не се подготвени доволно и соодветно, тогаш преостанува волјата, интересот, љубопитноста и љубовта кон музиката да бидат главни двигатели на развојот во овој правец.
Во таа смисла, најголемите музички институции, како што е Филхармонијата, би требало да ги имаат најспремните изведувачи. Она кое во светот се смета за бесценето – присуството на композиторот и учеството во раѓањето ново дело, а тоа е изведбата, кај нас не е лесно приемливо од страна на изведувачите, а понатаму и токму поради тоа од страна на публиката. Накратко, желбата да се биде дел од создавањето и прозвучувањето на ново музичко дело е еден од клучните фактори.
Конкурсот е многу стимулативен од повеќе аспекти – се создава компетитивност, која по својата суштина би требало да биде позитивна за развојот на секој автор, но и за колективниот развој на фелата. Притоа, секој од авторите може и треба да биде соодветно награден, а креацијата да им биде валоризирана. Со целосна почит кон колегите, но имајќи ги предвид

„Разговаравме со директорот на Филхармонијата, Илиески, кој се согласи дека е сосема позитивно и продуктивно да се потпише меморандум за соработка помеѓу Сојузот на композиторите на Македонија и Филхармонијата"

условите, секогаш е најдобро комисијата да е составена од професионални композитори, диригенти, музиколози и изведувачи, кои не се од Македонија, за да имаме најрелевантни резултати.

Од аспект на композитор, но и од аспект на публиката, што е добро а што недостига во концертната програма на институција како што е Филхармонијата, и во однос на гостите и во однос на изведбите и, секако, во однос на програмата?
„Отсекогаш на концертите на Филхармонијата сум се чувствувала како дома. Веројатно зашто растев и созревав токму со нивните настапи. Концертната програма е со прилично широк спектар и квалитетни гости диригенти и солисти. Она што секогаш ми недостига како на професионалец и вљубеник во музиката е пласманот на современата музика. Притоа, не мислам на делата што датираат од почетокот на 20 век, тие се веќе со третман на класици. Па дури и делата што се создадени во средината и во втората половина на 20 век веќе се константен составен дел од репертоарот на големите музички институции во развиените земји.
Разбирливо, овие дела бараат поинаков третман, концентрација, повеќе проби, многу повеќе проби, упатеност во естетиката на таа музика, начинот на интерпретирање, информираност или со еден збор – посветеност. Таквата посветеност можеби нема доволно време да се изгради, со оглед на набиената агенда на Филхармонијата и бројните разнородни концерти во фокус на пошироката публика. Но, ова треба да се сфати и како сугестија, зашто само преку ваков приод може да се едуцира и стручната и широката публика. Дозирано".

СЕЌАВАЊЕ НА ТАТКОВИНАТА

Преку музиката практично ги оживеав убавите слики и спомени од мојата татковина, која ја напуштив пред осум години", напишал Енеску за „Романска поема"

„Романска поема" од Жорж Енеску е национално епско музичко дело, ја презентира ерата во која е напишано, врзано е со независноста на Романија, но, исто така, се инспирира од референции во литературата. Енеску бил млад (16 години) и бил длабоко инспириран од моќните движења во тоа време. Во неа може да се почувствува и советот од неговиот учител Габриел Форе, кој ги советувал своите студенти да се инспирираат од убавините на својата татковина.
Токму тој совет го искористил Енеску, претворајќи го во совршен предзвик преку музиката да ги илустрира романските пејзажи, онака како што ги запомнил пред да си замине од Романија. Токму такво е и делото, учтиво, на моменти дури и наивно во наративот, како далечно сеќавање на детството.
„Се обидов моите сеќавања од детството да ги транспонирам во оваа суита на стилизиран начин, бидејќи стануваше збор за далечно сеќавање. Преку музиката практично ги оживеав убавите слики и спомени од мојата татковина, која ја напуштив пред осум години", напишал Енеску.
Во ова дело може да се детектираат главните спцифики на творештвото на Енеску, бидејќи целокупниот негов опус е „под сенка" на Романска поема, од тематските профили и сонорни сфери, преку техничките процедури и јазични артикулации. Ја нумерирал поемата со опус 1, ставајќи ги во друг план претходните дела, кои ги сметал за школски. Насловот на делото сугерира на неговата национална припадност која се рефлектира и во музиката преку употребата на фоклорните мотиви. Премиерната изведба била на 6 февруари 1898 година во Париз и веднаш имала голем успех и кај публиката и кај критичарите.
„Делото започнува со евокација на една летна вечер. Се слушаат црковните ѕвона од отворената врата и песната на свештениците... Овчарот ја свири својата песна со тишината. Месечината силно свети. Потоа се менува сè. Месечина се обвива со облаци. Се подготвува бура. Но, потоа повторно се смирува сè, почнуваат да пеат петлите. Повторно се слушаат ѕвона. Природата почнува да танцува...", напиша Енеску во своите мемоари, обидувајќи се да ја сублимира наративно приказната во ова дело.

ЕСКОЈА

ПЕСНА Е ЛИЧНА

ПРИ

ШЕРОН КОВАКС

Непредвидлива, ултракреативна, уникатна, необична, нежна и бунтовна во исто време, жена со магичен глас во кој се преплетуваат боите на блузот, панкот, поп и рок-музиката, на џезот и старите добри пејачки. Шерон Ковач! Ова се само малку од зборовите што ја опишуваат големата холандска музичка ѕвезда која за мошне кусо време успеа да ги зграпчи срцата на милиони слушатели во светот. На 2 април 2020 година, ексклузивно и првпат, ќе дојде во Скопје и ќе настапи заедно со оркестарот на Филхармонијата, со дел од нејзиниот извонреден репертоар, на концертот насловен „Педесет нијанси црно“.

Шерон Ковач е „мистериозен феномен“. Оваа ќелава пејачка поседува глас кој потсетува на легендите, а нејзината музика е моќна, страсна, „ѓаволска“ со „злобна привлечност“. Летна надвор од својата земја Холандија каде што заврши музички колеџ со инспиративната песна „Моја љубов“ која потсетува на „танго-ноар“, а потоа со албумот „ Shades Of Black“ од 2015 се проби во повеќе од 40 земји и беше на топ-листите особено во Европа. „Cheap Smell“ е вториот албум и е опишан како еден од најотворените, искрени и инспиративни албуми во оваа деценија во кој има романтизам, хедонизам, зависност од дрога, лечење, емотивен ролеркостер, театарска експресија, прослава на сексот...

Не ги познавам луѓето од оркестарот, но знам дека ќе бидат дел од мојата музика, и тоа ќе биде интересно заемно патување

КЛЗНЛ

Госпоѓице Ковач, ни претставува огромна чест што ќе одржите концерт во Филхармонијата. Како ја прифативте поканата да дојдете во Скопје, без двоумење или...?
– Огромно задоволство е за нас што ќе настапиме во живо со оркестарот на Филхармонијата во Скопје. Секако дека ја прифатив поканата без двоумење. Сакам да настапувам и особено специјално за мене е што сум дел од голем ансамбл. И уште поголем предизвик е што ќе настапам со оркестар што не го познавам, бидејќи мислам дека ќе откривам нови креативни нешта.

Во овој контекст, што знаете за нашата земја, имате ли некаква конекција, информации?
– Не! Не знам ништо. Ова ќе биде мое прво доаѓање во Скопје и во Македонија, воопшто. Сакам да се изненадам себеси. Ќе имам неколку дена за да го запознам градот, луѓето, оркестарот за време на пробите, така што ќе дојдам, па ќе видам.

Сте настапувале со симфониски оркестар, со „Метропол“, на пример, голем дел од Вашата музика доби аранжмани за ваков инструментален состав. Какви се Вашите очекувања од Филхармонијата на РСМ?
– Секој настап е различен. Секое шоу. „Метропол“ е џез-оркестар, а ова е филхармониски оркестар, што од старт е различно. Не ги познавам луѓето, но знам дека ќе бидат дел од мојата музика, и тоа ќе биде интересно заемно патување. Како и да е, ќе биде нешто ново, а јас го сакам тоа.

Станавте интернационално позната со песната „Моја љубов“. Очекувавте ли кога ја создававте толку голем фидбек?
– Не, навистина не очекував. Ова беше мојата прва песна што излезе надвор. Не очекував толку брз пробив и мошне сум среќна поради тоа.

Од Вашите песни, од стиховите, како да извира суровата реалност, пеете за љубовта, пред сè, за изгубената, тажна љубов. Колку внесувате од она што сте го искусиле лично, во Вашиот живот?
– Сè доаѓа од моето лично искуство. Секоја песна што ја имам направено зборува за нешто лично, за нешто што мене ми се случило, но и за искуствата што ги доживувам од случувањата на другите луѓе. Тоа е блиску до мене. И, ако не е моја приказна, јас нема да ја кажам.

Една од омилените песни е и Mama & Papa. Дали и е ова некакво авобиографско дело?
– Да, целосно.

Вашата музика е совршен микс од рок, блуз, соул, поп... И Вашиот дарк глас потсетува на некои легендарни блуз и џез-вокалистки, иако, се разбира, носите автентичен израз. Кои се Вашите референции, со каква музика растевте, од кого црпите инспирација?
– Пораснав, всушност, со Тина Тарнер, многу ја слушав. Но, како што растев, се запознавав со многу фантастични вокали како што се Џенис Џоплин, Били Холидеј, Естер Филипс, Ела Фицџералд, Беси Смит... Сакам стари гласови. И мислам дека сите овие пееја за нивните животи, за нивните емоции, пишуваа автобиографии. Тоа ме инспирира и ме привлекува.

Ве препознаваат и по Вашиот специфичен имиџ. Некои Ве споредуваат, поради фризурата, со Шинед О’Конор. Таа е, чинам, првата ќелава пејачка. Ви пречи ли тоа или Ви ласка?
– Да, секако ми ласка. Иако веќе десет години имам ваква фризура. Кога имав долга коса, не се чувствував баш убаво. Кога ја избричив главата, се почувствував дури и поженствено. И полесно е. Не стојам половина час пред огледало за да проверам како изгледа мојата коса. Кога бев малечка, имав виткана коса и ми требаше долго време да ја средам. Но, ова сум јас!

Вашето појавување со окестар ја враќа, или не потсетува, на врвните концерти што ги правеше своевремено Portishead. Иако, се разбира, Вие носите поинаква специфичност, но колку овој британски бенд влијаеше врз Вашата одлука да настапувате и на ваков начин?
– Всушност, не. Не влијаеше. Го обожавам „Портисхед“, но ова е моја музика која ја носам со оркестар и не е превод или нешто слично со некој друг. Има сличности во однос на изведбата – да, поради појавата на оркестарот и поради уметничката димензија. Разбирам зошто ме прашувате.

Кој е Вашиот следен предизвик?
– Се надевам дека ќе направам нов албум, иако дотогаш имам некои други нешта да реализирам. Се надевам и дека ќе пишувам повеќе музика. Но, пред сè, сакам да бидам среќна, и ќе работам на тоа. Секако, сакам да видам многу места во светот и да ја претставам мојата музика на многу луѓе.

ПРОГРАМСКАТА ПОЛИТИКА НА

ФИЛХАРМОНИЈА

МНОГУ НАПРЕДНА

Маестро Сашо Татарчевски, особено во последниве неколку години, е редовно присутен на сцената на Филхармонијата. Зад него, со овој оркестар, стојат концерти за кои сè уште се зборува во јавноста, особено во музичките кругови, со позитивна нота. Претежно, станува збор за концерти со вокално-инструментална содржина, што не е случајно ако се земе предвид дека маестро Татарчевски многу години е ангажиран, пред сè, како хорски диригент.

За искуството што го има досега работејќи со Филхармонијата, тој вели: „Многу е интересно што, кога веќе треба да размислам за оваа работа, сфаќам дека на музичката сцена сум повеќе од две децении, а токму со почетоците на мојата кариера како диригент се совпаѓаат и првите професионални контакти со Филхармонијата. Искрено, имам две сосема различни искуства од оваа соработка и можам да ги поделам временски. Првото е од крајот на минатиот век до 2010 година, а второто е од 2017 година до денес.

Првото искуство не е толку пријатно, имајќи предвид дека настапите што ги имав со оркестарот во тој период мене лично ми беа многу мачни, без разлика на пристојните резултати кои ги добивав при изведбите. Тоа се должеше на многу фактори за кои не сакам да зборувам, бидејќи тоа е минато (и се надевам свршено) време.

Второто, сосема спротивно и позитивно искуство започнува со преселбата на институцијата во новата зграда и сите други структурни промени. Едноставно се поклопија сите коцки. Конечно, условите за работа станаа онакви какви што заслужува оваа институција од областа на културата. Се почна да се работи многу попрофесионално и многу потранспарентно. Менаџментот, конечно, почна да работи по други, повисоки стандарди. Оркестарот комплетно се подмлади со квалитетни кадри, повеќето од нив и мои студенти од Факултетот за музичка уметност. Овие млади кадри со себе донесоа и друг однос спрема работата и ентузијазам кој претходно недостасуваше. Тимот кој се оформи во институцијата, конечно, во себе опфати стручни кадри од повеќе области, па со тоа и програмската политика многу напредна. Секако, сите овие подобрувања донесоа и многу публика. Со еден збор, денес и институцијата и оркестарот на Филхармонијата се нешто сосема поинакво и мене ми претставува огромно задоволство кога соработувам со нив.

За значајноста на професијата како диригент со оркестар, во споредба со неговата „матична“ професија како хорски диригент, Татарчевски истакнува: „Токму тоа што го споменав околу првиот период ме натера да почнам интензивно да работам со хорови. Заклучив дека со такви состави можам да направам поквалитетна музика во тоа време. И не се излажав. Постигнав извонредни резултати со сите хорски ансамбли со кои работам. Но, секако, во меѓувреме диригирав и со оркестри. Во два наврати заедно со колеги од Битола го заживеавме тамошниот камерен оркестар со кој имав многу концерти низ Македонија, диригирав и со оркестарот на Македонската опера и балет во неколку проекти, со Симфониското оркестар на ФМУ, а повеќето настапи со оркестар ги имав во странство (Рим, Москва, Берлин, Санкт Петербург). Иако континуирано и паралелно работев и со хорови и со оркестри, задоволството да се работи со овој состав на Македонската филхармонија и во ваква убава музичка атмосфера која владее во институцијата е огромно и за мене е многу важно“.

Татарчевски со години наназад работи со извонредниот хор „ПроАрс“ со кој настапува често и надвор од границите, но, во последно време, со овој ансамбл се реализираа бројни настапи во соработка со Филхармонијата, вклучувајќи ги и Симфониските концерти за деца, како и концерти со попопуларна содржина, меѓу нив и концертите „Филхармонија на отворено“.

За квалитативниот растеж на „ПроАрс“ и неговата инволвираност во проектите со Филхармонијата, Татарчевски вели: „Хорот ‘Про Арс’ го формирав во 2011 година, согледувајќи дека недостасува професионален хор кој може да одговори на сите предизвици на а капела и вокално-инструменталното професионално музицирање. Многу сум среќен со тоа што го постигнавме досега. Пред да започне соработката со Филхармонијата, ‘Про Арс’ се наметна на нашата сцена како ансамбл кој може да изведе сè. Почнувајќи од

„Во март и во април на програмата на Филхармонијата се уште два концерта на кои ќе се изведуваат големи хорски дела. Но, секако, хорот ‘ПроАрс’ е подготвен за уште поголеми предизвици“

Н:/ЛТЛ

„Конечно, условите за работа станаа онакви какви што заслужува оваа институција од областа на културата. Се почна да се работи многу попрофесионално и многу потранспарентно. Менаџментот, конечно, почна да работи според други, повисоки стандарди“

техничко-уметнички сложени композиции на светските мајстори на хорскиот израз, преку најпредизвикувачките (и поради тоа ретко изведувани или воопшто неизведувани) творби на поранешните генерации македонски композитори, па с до нови (и понекогаш неблагодарни за изведба) хорски композиции на млади македонски автори. Квалитетот на хорот го препозна и студиото ФАМЕС, па од 2014 гоина до денес ‘ПроАрс’ има неброени снимки за високобуџетни филмови, серии, едукативни програми и музички албуми. На покана од организаторите, настапувавме и на интернационални настани од висок профил во Виена, Солун и Софија.
Со Филхармонијата веќе учествувавме во изведба на капитални дела како што се Бетовеновите – Деветта симфонија и Хорска фантазија, ‘Планетите’ на Густав Холст, Симфонијата на Гоце Коларовски. Во март и во април на програмата на Филхармонијата се уште два концерта на кои ќе се изведуваат големи хорски дела. Но, секако, хорот е подготвен и за уште поголеми предизвици, имајќи предвид дека кај членовите е веќе собрано доста големо искуство стекнато во изминатите девет години откако постои овој професионален хор“.
На прашањето што треба, според него, Филхармонијата да го реализира во програмска смисла, вели: „Има многу капитални вокално-инструментални дела кои не се изведени кај нас и поради тоа нема да посочам само едно. Секако, треба да се земат предвид некоја од пасиите на Бах, некое од капиталните дела на Хендл, некој од ораториумите на Хајдн, големата миса во c-mol од Моцарт, некоја од мисите на Бетовен, Германскиот реквием на Брамс, вокално-инструментални дела од француските барокни, доцноромантични и импресионистички автори, концертни вокално-инструментални дела од Росини и од Пучини, дела од автори на 20 век кои кај нас никогаш не прозвучиле... Ова е само мал дел од музиката која е напишана за вокално-инструментални состави и жално е нашата публика и уметниците да бидат лишени од можноста да го искусат и тој дел на музичката уметност. Хорот ‘ПроАрс’ е подготвен кадровски и со искуство и во сегашниот состав може да одговори на поголем дел од ова што го набројав, а со поиздржана стратегија и поддршка во иднина може да ги покрие и сите потреби на Филхармонијата за изведба на музика која во себе содржи и вокални состави“.
За крај, за проектите на кои е особено горд, истакнува: „Иако членовите на моите ансамбли, а и моите студенти на Факултетот за музичка уметност ме перципираат како перфекционист кој ретко е задоволен од крајниот резултат и секогаш бара повеќе, сепак, сум многу среќен со повеќето проекти што сум ги сработил. Нема да зборувам за конкретен концерт или настан во овој текст, едноставно има премногу, но ќе заклучам дека сум среќен што ја подигнав хорската уметност од смртна постела на која се наоѓаше многу години по престанувањето со активна работа на неколку диригенти кои беа двигатели на таа сцена во минатиот век. Среќен сум што ги извадив на меѓународна сцена и ги направив препознатливи во интернационални рамки хорот ‘Драган Шуплевски’ и симфонискиот оркестар при ФМУ во Скопје. Среќен сум што освоивме неброени највисоки награди со Женскиот младински хор при МКЦ на меѓународни натпревари. Среќен сум што образував генерации професионални хористи кои постепено го подигнаа нивото на хорот при Македонската опера и балет. Среќен сум што повеќе од 60 проценти од програмата која ја имам изведено кај нас, со сите можни ансамбли, е нова, односно прв пат изведена на нашата сцена. Среќен сум што имам диригентски класи и по оркестарско и по хорско диригирање и што веќе можам да им се радувам на моите студенти кои почнуваат успешно да работат како самостојни диригенти. Среќен сум што конечно кај нас можам да работам со оркестар како што е Македонската филхармонија, кој го има потребното ниво од секој аспект. Секако, најсреќен сум што од ништо создадов професионален ансамбл како што е ‘ПроАрс’, кој се промовира во исклучително важен фактор на македонската музичка сцена и без кој многу идеи и програми ќе останеа само желба.
Ако забележавте, за сите работи што ги набројав го употребив терминот ‘среќен’. Ако треба да кажам, пак, на што сум горд, тогаш горд сум на членовите на моите

НОВА ЕНЕРГИЈА

Комбинацијата од различни карактери во оркестарот е таа што ја прави вашата Филхармонија толку посебна – тоа се живи, топли, срдечни луѓе кои имаат одлична смисла за хумор. Едвај чекам повторно да дојдам во Скопје!

Конрад ван Алфен е инспиративен диригент кој ги прави нештата да се случуваат, ќе напише критиката за холандскиот маестро. Етаблираниот холандски/јужноафрикански диригент Конрад ван Алфен се стекнал со својата популарност и кај оркестрите и кај публиката благодарение на посебниот начин на кој ги води пробите и изведбите. Маестро Ван Алфен е уметнички директор и шеф-диригент на Симфонискиот оркестар во Ротердам. Во изминатите 16 години го издигнал својот оркестар на ниво да биде интернационално признат оркестар и да стане домаќин на концертни серии во Ротердам, Хаг и Амстердам. Скорешните интенационални турнеи на оркестарот ги вклучуваат: Русија, Мексико, Бразил, Колумбија и Чиле. Од 2005 до 2009 година, Конрад ван Алфен бил на позицијата шеф-диригент на Државниот симфониски оркестар „Сафонов" во Русија, каде што се здобил со наградата за својот придонес во културата во Јужна Русија. Во моментот е уметнички директор на Московското филхармониско здружение во чии рамки редовно диригира со оркестрите од Москва, во познатата сала „Чајковски". Исто така, тој е гостин-диригент и со оркестрите на добро познатите културни центри во Новосибирск и во Санкт Петербург. Во изминатите години, бројни оркестри низ светот настапиле под диригентската палка на Ван Алфен, и тоа во: Холанија, Германија, Белгија, Италија, Швајцарија, Англија, Данска, Израел, Словенија, Србија, Бугарија, Романија, Полска, Јужна Африка, Кина и Мексико.

Вие сте еден од диригентите кои често настапуваат со нашиот оркестар и го познаваат добро... Од Ваша перспектива, како се развива оркестарот во последниве години?

– Кога се вратив во Филхармонијата три сезони едноподруго по пауза од десет години од моето последно гостување, бев восхитен од оркестарот. Новата концертна сала, секако, има голем удел во збогатувањето на квалитетот и звукот на оркестарот, но мора да нагласам дека тоа не е пресудно. Новата енергија и професионалноста и во оркестарот и во менаџментот на институцијата резултираа со целосна трансформација на звукот на оркестарот.

Бидејќи го познавате оркестарот добро, според Вас, како тој може да излезе како победник во битката со комлексни музички дела?

– Балансираната комбинација од искусни и млади музичари го гарантира, збогатува и го енергетизира квалитетот на оркестарот. Паралалено со тоа, програмата успешно балансира со репертоарот меѓу ремек-дела како што е, на пример, онаа со која ќе се претставам – Втората симфонија од Шуман и Концертот за пијано и оркестар бр. 2 од Шопен и предизвикувачки репертоар како што е Малеровата втора симфонија, која оркестарот ќе ја изведе во април.

Колку се важни меѓучовечките односи во еден оркестар?

– Комбинацијата од различни карактери во оркестарот е тоа што ја прави вашата Филхармонија толку посебна – тоа се живи, топли, срдечни луѓе кои имаат одлична смисла за хумор. Едвај чекам повторно да дојдам во Скопје!

(Конрад ван Алфен ке го води Велигденскиот концерт на 15 април 2020 година)



Ефектот е толку голем што не можам да го опишам. Ако напишам во ова писмо што мислам навистина, тогаш може да звучам премногу арогантно... Симфонијата звучи како да доаѓа од сосема друг свет. Мислам дека никој нема да може да ѝ одолее, напишал Малер по прелиминарните проби во јануари 1895 година

ВОСКРЕСЕНИЕ

СО МАЛЕР

Непосредно откако ја завршил втората симфонија, Густав Малер напишал дека „пишувањето симфонија значи да се создаде свет со сите расположливи технички средства“. Симфонија „Воскресение“ е токму таква, таа е прво симфониско дело на австрискиот композитор во која го употребува зборот и вокали, а и во музичка смисла таа го мапира и трасира неговиот индивидуален пристап во симфонизмот кој ќе стане негово препознатливо музичко наследство. Ова е симфонија која ќе го прослави Малер, а нејзината премиера во Берлин на 13 декември 1895 година (поставена со помош на Рихард Штраус) ќе го одбележи почетокот на неговата кариера како исклучителен композитор.

Симфонијата бр. 2 е дело кое претставува одговор на метафизичкиот предизвик на Бетовеновата Деветта. Има многу сличности меѓу овие две дела – турбулентниот почеток, музичките истражувања во средината на делото и триумфалната завршница.

Напишана е во сонатна форма, со доцноромантичен музички јазик кој прави дистинкција меѓу контрастот на тематската и емоционалната дијалектика. Ако смртта е теза, тогаш воскресението е антитеза.

На крајот од првиот став, Малер напишал инструкции да се паузира барем пет минути пред да почне вториот став. Ретко некој од диригентите прави толку голема пауза меѓу ставовите.

„...Треба да има подолга пауза по завршетокот на првиот став, бидејќи вториот став е помирен, тој е компониран како своевидно интермецо, како ехо од минатото кое првиот став го носи во гроб додека сонцето сè уште му се смее. Првиот, третиот, четвртиот и петтиот став се поврзани тематски и емотивно, а вториот став е целосно независен“, напишал Малер.

Оваа симфонија е вистинско ремек-дело, а финалето ги нуди одговорите на прашањата што се поставуваат во претходните ставови.

„За финалето на втората симфонија, ја истражував светската литература, вклучувајќи ја и Библијата за да најдам соодветен збор, но потоа се потпрев на своите мисли и чуства. Начинот на кој ја добив инспирацијата е типичен за есенцијата на артистичката креација. Долго време размислував да вклучам хор во последниот став, но единствено нешто што ме двоумеше беше да не се сфати како имитација на Бетовеновата Деветта. Тогаш бев на погреб на диригентот Ханс фон Булов и ја чув хорската композиција ‘Воскресение’ на текст на германскиот поет Фридрих Готлиб Клопсток. Тогаш знаев дека морам да ги употребам овие стихови во мојата симфонија“, напишал Малер.

Малер ги диригирал првите три става со Берлинската филхармонија во март 1895 година, а во декември истата година ја водел и премиернаата изведба на целото дело. И пред да биде премиерно изведено ова дело, композиторот бил свесен за неговото значење и влијанието кое ќе го изврши во музичката историја.

„Ефектот е толку голем што не можам да го опишам. Ако напишам во ова писмо што мислам навистина, тогаш може да звучам премногу арогантно... Симфонијата звучи како да доаѓа од сосема друг свет. Мислам дека никој нема да може да и одолее“, напишал Малер по прелиминарните проби во јануари 1895 година.

(Оваа симфонија е на програмата на Велигденскиот концерт на 15 април 2020 година)